АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1294/13
03.10 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 ст. 1 т.50 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, на седницата на Раководниот одбор одржана на ден 29.09.2023 година, се усвои следната

# ПОЛИТИКА

# ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИ

## Дефиниции

**Наводна злоупотреба** се однесува на наводи за можна повреда на интерните акти на ЦКРСМ или повреда на важечките закони на РСМ.

**Интерни акти** се сите правилници, упатства, политики, одлуки и слично кои се донесени од страна на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК заради уредување на начинот на функционирање и работење на Организацијата и нејзините деловни единици.

**Одмазда** или **одмазничко однесување** е секое директно или индиректно штетно однесување, кое е препорачано, со кое е искажана закана или кое веќе е сторено бидејќи одредено лице пријавило сомневање за наводна злоупотреба или било вклучено во овластена ревизија или истрага. Одмаздата може да вклучува штетни административни дејствија, како што се непотпрепена лоша евалуација за работењето, промена во работни задачи или други негативни одлуки кои влијаат на условите на работа на лицето. Одмаздата исто така може да се јави во форма на вербална злоупотреба или вознемирување.

**Укажувач** е лице кое самостојно пријавува сомневање за повреда на некој од интерните акти на Организацијата или постоечките закони. Укажувачите обезбедуваат информација која се базира на разумен сомнеж дека било извршена повреда на некој од овие акти.

**Ангажирано лице** е секое лице или организација со која ЦКРСМ или било која од организациските единици на ЦКРСМ има склучено одреден договор за соработка и/или услуги, вклучувајќи ги консултантите и партнерските организации.

**Интегритет** е нивото до кое ЦКРСМ има волја и моќ да работи на остварување на прифатените цели, политики и стандарди во целосна согласност со Основните принципи на Движењето

**Партнер** е секоја организација со која ЦКРСМ или било која од организациските единици спроведуваат заедничка активност или на која ЦКРСМ или било која од организациските единици на ЦКРСМ им обезбедуваат средства или услови за продолжување со работа.

**Персонал** е секое лице кое спроведува активности за ЦКРСМ или било која од нејзините организациски единици, вклучувајќи ги: вработените на неопределено, определено и скратено работно време, лицата ангажирани врз основа на друг тип на договор, волонтери, практиканти и консултанти.

## ВОВЕД

Како хуманитарна организација, ЦКРСМ ги цени транспарентноста и отчетноста во работењето како едни од најзначајните вредности кои го презентираат активностите и работењето на организацијата.

Почитувањето на законите, но и на интерните акти се основен знак за почитување на организацијата од страна на персоналот и другите лица кои соработуваат со Организацијата. Оттука, креирањето на култура на доверба меѓу сите вклучени, но и култура на препознавање на повреди на законите и интерните акти кои можат да ја нарушат довербата на клиентите и донаторите, но и повреди кои претставуваат кривични дела.

Оваа политика служи да креира средина во која персоналот и другите лица поврзани со ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК ќе се чувствуваат безбедни и сигурни да пријават било каква повреда на законите или интерните акти, и средина во која ќе постои нула толеранција на било каков акт на заплашување или обид за заплашување во случај на укажување.

### Цел и опсег

- ЦКРСМ има политика на нула толеранција за било која форма на одмазда или одмазничко однесување против лице кое 1) пријавило разумен сомнеж дека е сторена повреда на одредби од интерните акти и актите на МФЦК или МКЦК или 2) било вклучено во процес на ревизија и утврдило одредени неправилности.
- Целта на оваа Полтика е да постави принципи и постапка за пријавување на сомневање за постоење на повреда; да креира мерки за заштита од одмазда и одмазничко однесување на таквите лица и да одржи ниво на работна култура во која Организацијата се третира како отворена, транспарентна и фер организација.
- Заштитата на укажувачи се однесува на персоналот на Организацијата (вработени, ангажирани со различни видови